# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Заклучоци и препораки**
**од 31. седница на Националниот совет за платни системи,**
**одржана на 1.10.2018 година**

## 1. Информација за присилната наплата на парични побарувања од физички лица

_Народната банка на Република Македонија_ (НБРМ) до Националниот совет за платни системи (НСП) достави Информација за присилната наплата на паричните побарувања од физичките лица со којашто _ги отвора прашањата околу видот и висината на провизиите на банките и на носителот на Единствениот регистар на трансакциски сметки за спроведувањето на присилната наплата од сметките на физичките лица и начинот на нивна наплата_, со цел да се согледаат можностите за подобрување на системот и намалување на провизиите на ниво кое ќе ги покрие објективните трошоци на поединечна постапка.

Оваа активност на НБРМ е во контекст на актуелните укажувања на граѓаните преку нивните здруженија за високите трошоци во постапката на извршување (нотарски, адвокатски, извршителски, банкарски и др.), коишто за акумулираните неплатени долгови, главно по основ на комунални услуги, многукратно им ги зголемуваат обврските, за што одредени здруженија на граѓани се обратиле и до НБРМ.

Информацијата се осврнува на правната рамка за присилно извршување на побарувањата од физичките лица, на системските решенија кај банките за спроведување присилна наплата од средствата на сметките на клиентите (должници) и за блокада/деблокада на сметките при недостаток на средства преку Единствениот регистар на трансакциски сметки (ЕРТС), даден е детален преглед на провизиите за спроведување на овие постапки по одделни банки и за КИБС како носител на ЕРТС, при што, од информациите прибрани од неколку банки, се изложени проблемите при наплатата на провизиите и причините за нивната висина, направена е анализа за бројот и вредноста на блокадите и бројот на блокирани сметки и блокирани депоненти физички лица, како и краток осврт на постапката на извршување со посредство на овластени извршители, врз чијашто основа, на крајот, се изнесени заклучни согледувања и препораки. _Клучната препорака на НБРМ е банкарскиот сектор да пристапи кон изедначување на постапката на банките при спроведувањето на присилната наплата од сметките на физичките лица преку унифицирање на начинот на кој ги даваат и наплаќаат услугите и_

*воспоставување единствена тарифа каде што провизиите би биле значително пониски, т.е. во висина на реалните трошоци на банките за спроведување на овие законски обврски.*

*НСП ја разгледа Информацијата и констатира дека постапките и состојбите во врска со присилната наплата од сметките на физичките лица се јасно и концизно изнесени и заклучи дека дадените препораки се во насока на поголема ефикасност на системот и претставуваат добра основа за преиспитување на практиката и намалување на трошоците кај банките во оваа постапка, а со тоа и на провизиите*. Притоа, претставниците на банкарскиот сектор посочија дека постапката за присилна наплата, а со тоа и тарифата, се идентични, како за физичките така и за правните лица (освен што во последните неколку години некои банки при информација за социјално ранливи категории на граѓани не наплаќаат надомест), како и тоа дека голем дел од постапките за присилна наплата се иницираат од одредени овластени државни органи, не само од извршителите, заради што сметаат дека ова, исто така, треба да биде земено во вид при разгледувањето на прашањата и дефинирањето на предлозите.

*Имајќи го во вид погоре изнесеното, НСП донесе заклучок Информацијата за присилната наплата на паричните побарувања од физичките лица да се достави до Македонската банкарска асоцијација за разгледување и произнесување по препораките од НБРМ, но и за дополнителни предлози од банкарскиот сектор* за коишто смета дека би овозможиле натамошно подобрување на системот и намалување на нивните трошоци за спроведувањето на постапките, а со тоа и на провизиите што ги наплаќаат.

Претседател на
Националниот совет за платни системи и
советник на гувернерот
за платни системи и евроинтеграции

Емилија Нацевска с.р.